

Запознај ја татковината за да ја сакаш повеќе!

Ако сте знаеле да потсетиме, ако не сте знаеле- уживајте во Македонија

1. Со името Македонија се гордеат три континенти,Â  и затоа Македонија е наречена земја излеана од злато. Името Македонија односно Македон се сретнува на три континенти. Африка, Азија и Европа. Сите тие имаат свои објаснувања за настанувањето на името. Европската митологија смета дека името е настанато од синот на Зевс и Тиа кој се викал Македон. Зевс му го подарил и доверил најчувствителното и највaжното подрачје на светот – оската во која се допираат трите Континенти...му ја доверил Македонија..

2. Највисоката планина во Македонија е Кораб, висока 2.764 метри. КорабÂ  претставува планинско -венечен лак , со правец на протегање од југ кон север. Кораб е планина со најубав планински рељеф.

3. Легендата кажува дека во Охрид има 365 цркви кои датираат уште од 4-тиот век.

4. Дали знаете кој е првиот македонски олимпиец? Тоа е Кузман Сотировски-Â фудбалски репрезентативец, кој настапил на Олимписките игри во Амстердам на 29 мај, 1928 година во дресот на Југославија Играле против Португалија со резултат 1спрема 2 при што Југославија отпаднала од понатамошни натпревари.

Кузман бил роден во село Стенче , Тетовско, имал тројца браќа и во 1913 година

заминале на печалба во Белград. Таму отвориле фурни и никогаш не се вратиле во селото. Еден од браќата уште во 1928 година му донесол на Кузман топка купена во Букурешт и тоа била прва топка во селото Стенче. Кузман е учесник и во катастрофалниот пораз на Југославија од Чехословачка во Прага 1-7.

5. За животот и страдањата на македонскиот народ за време на турското владеење на Балканот, голем интерес пројавиле голем број странски филмски компании. Така во 1903 година, филмската компанија Браќа Пате од Франција го снимила филмот со потресен наслов Колежите во Македонија. Овој филм иако траел само две минути, оставил силен впечаток кај населението, прикажувајќи ја реалната слика во земјата. Во него биле прикажани насилствата врз македонското население од страна на отоманската војска и полиција. Многу филмови се направени на тлото на Македонија посебно во периодот на Балканските војни и Првата светска војна. Како попознати наслови на филмовите снимени на наша територија се Слики од боиштата, Војната на Балканот, Заземањето на Куманово, Крвавата битка на Брегалница. Во 1933 година германскиот снимател Шулц, престојувал во Македонија и снимал филмови за животот на луѓето во градовите што ги посетил, Скопје, Велес, Кочани, Прилеп, Битола. Најмногу се интересирал за манастирскиот живот во македонските манастири. Германскиот снимател Шулц е автор и на документарниот филм под наслов Од Косово до Охридското Езеро. Овој филм содржи многу веродостојни документи и фотографии за животот во Македонија и за нејзините природни убавини. Првиот долгометражен филм под наслов Фросина е снимен во 1952 година по сценарио на Владо Малевски а во режија на Воислав Нановиќ.

6. Античките МакедонциÂ  негувале повеќе култови, кои биле поврзани со натприродните сили. Но најпроширен бил култот на Сонцето. Затоа сонцето го прикажувале на накитот, оружјето, особено на штитот. Може да се види и на некои монети на македонските кралеви. Особено го почитувале култот на водата. Кон реките се однесувале како кон божества и им принесувале жртви. Исто така многу го почитувале и верувале во лавот.

Можеби затоа и ден денес, сонцето и лавот се користат како неофицијални национални симболи во Македонија. Масовно се претставува и користи шеснаесет-зрачното Сонце од Кутлеш, коештоÂ  било симбол на Античка Македонија, и жолтиот лав на црвена основа, кој бил симбол на средновековна Македонија и официјално знаме на Илинденското востание. Едно од двата неофицијални симбола на Македонците - шеснаесет зрачното златно-жолто сонце од Кутлеш на црвена основа, беше и официјално државно знаме во периодот од 1991 до 1995 година.

И двете знамиња (и сонцето и лавот) се општоприфатени како македонски национални симболи насекаде каде што живеат Македонци, а исто така се употребуваат и како амблеми на македонските партии и организации во странство (околните држави) и во Македонија.

7. Александар бил син на кралот Филип втори и на кралицата Олимпијада. Кога се родил, татко му истовремено добил три радосни вести. Првата, дека неговата војска ги победила Илирите, втората, дека неговите коњи победиле на олимписките игри и третата, дека му се родил син. Среќата на Филип и Олимпијада ја зголемиле и дворските гатачи кои протолкувале дека детето Александар, ќе биде славен и голем херојÂ  кој никој не ќе може да го победи.

8. Генијалниот војсководец Александар Македонски, понесен од идејата за обединет свет и со цел да ги зближи македонските и азиските народи, во летото 324 година во градот Суса ја направил најголемата свадба во историјата кога само во еден ден оженил 10.000 свои војници со Персијки. Тогаш и самиот Александар склучил брак со ќерката на персискиот цар Дариј, принцезата Статира.

Примерот на Александар Македонски го следеле и неговите најблиски воени соработници и со Персијки се ожениле уште 80 македонски велможи и високи достоинственици. Свадбните церемонии се одвивале во огроменÂ  специјално подготвен шатор.

9. Според легендата се смета дека Крали Марко од Прилеп- Варош, имал три сестри Дева, Кита и Ѕвезда. Најстарата, Дева, живеела во село Девич, Порече. По нејзиното име и селото го носело името Девич. Над селото има и едно црквиче и кула оградени со голема авлија, сета од камен. Дева живеела таму во кулата и држела војска. Војската се бранела со камења . Дева изградила и една зандана полна со вода. Од занданата до кулата имало една воденичка бука низ која заробените ги пуштала во занданата. Затворениците биле во вода дење и ноќе се дури не умреле. И денес кај занданата стои караулата каде стоела стражата. Во кулата имало и фурна каде Дева печела леб.

Кита, живеела во Кичево. Кичево го носи името по Кита. Најмалата сестра Ѕвезда, живеела во Гостивар. Дева и Кита никогаш не се омажиле. Турците велеле , Кита била убава, ама Дева уште поубава.

10. На територијата на нашата земја се откриени остатоци од повеќе градови коишто имале големо значење во стопанскиот и културниот живот на Македонија под римска власт. Еве неколку занимливости за старите градови кои денес сведочат за постоење на значајни антички градови на наша територија.

Стоби, кој се наоѓа на вливот на Црна Река во Вардар. Во Стоби денес можат да се видат остатоци од театар, цркви, приватни куќи – палати, улици, бањи, плоштади и др. Во овој град имало и ковачница за пари.

Хераклеја Линкестис – се наоѓа во близината на Битола. Во Хераклеја се зачувани остатоци од театар, куќи, цркви и бањи. На подот на големата базилика се откриени многу убави мозаици. Со геометриски, растителни и животински мотиви.

11. Скупи – се наоѓа во близина на Скопје, кај селото Визбегово на местото каде реката Лепенец се влева во Вардар.

12. Штипското кале Исарот е средновековна тврдина која според легендата била изградена од Крали Марко.

13. Македонија е богата со топли минерални води коишто се прочуени со својата лековитост. Овие води најмногу лекуваат ревматични заболувања. Покрај топлите минерални извори има изградено и бањи. Тоа се посебен вид болници во кои болните, освен со лекови, се лекуваат и со водата, како и со разни вежби за движење. Во бањите има модерни и убави згради, базени со топла минерална вода, паркови и шеталишта. За болните се грижат лекари и друг медицински персонал.Најпознати бањи во Македонија се Дебарски бањи, Катлановска, Кумановска, Кежовица, Банско и Негорци.Водата во Дебарските бањи е најлековита и затоа овие бањи се најпосетени.

14.Â  Најголема река во Македонија е реката Вардар која е долга 420 км. Нејзиниот пат низ Македонија е долг 300 км додека другиот дел е во Грција. Вардар извира во подножјето на Шар Планина во близината на селото Вруток, кај Гостивар.

15. Апостолот Павле прв го проповедал христијанството во Македонија во средината на првиот век и им се обратил со следниве зборови -Нема потреба да ви пишувам за братската љубов, зашто Бог самиот ве научи да се љубите еден со друг во цела Македонија. Но ве молам усрдно, браќа и сестри, во тоа да напредувате уште повеќе и да настојувате грижливо да живеете во мир, да се занимавате со своите работи и да се трудите со своите раце...

16. Македонската традиционална музика е препознатлива во светот по три музички инструменти. Тие се гајдата, кавалот и тапанот. Најголем промотор на македонска традиционална музика во светот е Драган Даутовски, роден во 1957 година во селото Русиново кај Берово.Отсекогаш импресионирал со својот музички талент и мајсторство во својот музички занает. Може да свири на повеќе од 20 традиционални музички инструменти. Така, Драган Даутовски го чува и негува македонското фолклорно богатство и неговата посебност. Со својата музика тој длабоко навлегува во традиционалните вредности и ги вметнува во денешната модерна музика. Но уште понтересно е тоа што Драган Даутовски е единствениотÂ  музичар во светотÂ  кој свири на античка бакарна флејтаÂ  стара 6000 години, нареченаÂ  Окарина. Потекнува од неолитскиот период а е пронајдена во близина на Велес. Затоа велат дека неговата музика звучи 6000 години стара, за чие изведување е потребна голема концентрација и духовна подготовка.

17. Нашиот најпознат и врвен гајдаџија Пеце Атанасовски (1927-1997)Â  со право може да се рече дека беше гајдаџија на сите времиња. За тоа потврдува и фактот што во 1968 година на Светскиот фестивал на гајдаџии во Сицилија, Италија, беше прогласен за најдобар гајдаџија во светот. Верувале или не, на тој фестивал Пеце Атанасовски во конкуренција на 1.800 гајдаџии од целиот свет,Â  го освои првото место и ја доби наградатаÂ  Златна гајда. Ова е вистинска победа на македонската гајда во светски размери.

18. Најстариот македонски речник потекнува од 16 век во кој биле собрани околу 300 македонски зборови карактеристични за костурскиот крај.

19. Дури и каменот Розета ја кажува вистината за Македонија. Пронајден е од еден француски војник, во 1799 година, којÂ  работел на ископување на објекти за потребите на војската на Наполеон Бонапарта. Копајќи, тој заприметил црн камен од мермер. На каменот заприметил три видови на ракописи. Тие ракописи подоцна биле дешифрирани

од научниците и археолозите и пронашле дека се работи за три различни јазици. Во првиот ред пишувало наÂ  античко-египетски, во третиот ред писмото било античко-грчко а во средината пишувало на Античко – Македонски. Науката потврдува дека текстот во средината е оригинал античко-Македонски на кој пишувале во времето на Александар Македонски..Â  Имало 160 зборови кои го задржале значењетоÂ  во некои дејалекти од современиот Македонски јазик.Â  Името го доби по местото каде што е ископан Розета, Египет,Â  и претставува скапоцено откритие за постоењето на Античкиот Македонски јазик и за тоа дека е посебен и различен од Грчкиот. Каменот наречен Розета, е пренесен во Британскиот Музеј во Лондон каде што е изложен и ден денес иÂ  претставува еден од најпознатите експонати на Британскиот Музеј во Лондон.

20. Кон крајот на 1977 година археолозите дојдоа до многу значајно откритие. Во близина на археолошкиот локалитет Кутлеш, Вергина, на околу четириесетина километри југозападно од Солун, открија гроб за кој се тврди дека му припаѓал на прославениот македонски цар Филип Втори. Уште поинтересно е тоа што на еден од зидовите на гробот е откриена фреска што претставувалаÂ  лов на лавови. Во гробот кој бил високÂ  12 метри, биле пронајдени две урни тешки 11 килограми, направени од злато. Освен тоа пронашле иÂ  женска дијадема, македонски шлем, гети, од кои едната била покуса што претставува индикација дека му припаѓала на Филип Втори кој куцал од едната нога. На капакот од еден саркофаг била врежана македонската ѕвезда со шеснаесет зраци.

21. На 30 Септември, 2002 година, е пронајдено сензационално откритие во Самуиловата тврдина. Тоа било Златна маска која се смета дека датира од петтиот век пред Христа.

22. За значајни подвизи на наши Македонци зборува и овој податок. Во 1989 година за првпат во историјата се развеа иÂ  македонското знаме на висина од 8.848 метри. Димитар Илиевски-Мурато од Битола е првиот македонски алпинистÂ Â  кој се искачиÂ  на највисокиот врв на светот Монт Еверест . Кога стигнал на врвот, Димитар со гордост го закачил и развеал македонското знаме. За жал трагично го загуби животот враќајќи се назад. Во спомен на неговиот подвиг и херојство, е изграден споменик на Пелистер, и во знак на сеќавање секоја година се одржува традиционален планинарски марш. На тој ден се слави неговиот подвиг но, и неговата трагедија.

Националното богатство на Македонија, нашето наследство со векови го чувале и сочувале нашите претци. Националниот дух и стремеж за себедефинирање и постоење на Македонија како земја со посебен идентитет, земја со најбогата културна традиција,

обичаи и култура нека е самоÂ  поттик за Македонија ВЕЧНА!!!

МН

Подготви: Гордана Димовска

(преземено од радио Илинден)